ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА - ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА
„ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ“

Република Северна Македонија
Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ во Скопје
Бр. 36/2024-1
30.10 2024 год.

# ПРАВИЛНИК
## за единствен кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма односно од една на друга високообразовна установа

Heidelberg
FACULTY OF SKOPJE

СКОПЈЕ, 2024 година

Врз основа на член 28 и 112 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/21 и 58/24), и член 48 од Статутот на Приватна високообразовна установа, Висока стручна школа ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, Наставничкиот совет на седница одржана на 30.10.2024 го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за единствен кредит трансфер систем и премин од една на друга студиска програма односно од една на друга високообразовна установа

### ОСНОВНИ ОДРЕДБИ
#### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат основните одредби за организирање и реализација на студиските програми и режимот за студирање според Европскиот кредит трансфер систем (во понатамошниот текст ЕКТС) и преминот од една на друга студиска програма, односно преминот од друга високообразовна установа на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, како и премин од ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ на други високообразовни установи.

### ЕВРОПСКИ КРЕДИТ ТРАНСФЕР СИСТЕМ
### ПОИМ ЗА ЕКТС
#### Член 2

Европскиот кредит трансфер систем – ЕКТС (European Credit Transfer and Accumulation System – ECTS) претставува европски систем за пренос и собирање на ЕКТС (бодови), утврден како успешен начин на создавање транспарентни студиски програми, влијае при вработување, влијае при поттикнување на студентски и наставни движења и влијае при признавање на академскиот статус меѓу европските високообразовни установи.

Европскиот кредит трансфер систем претставува систем на признавање на студиите засновани врз: информации за студиските програми и постигнувањата на студентот, меѓусебно спогодување на партнерските установи на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ и другите установи во земјата и во странство и употребата на ЕКТС (бодови) како мерка за оптовареноста на студентот.

ЕКТС доделува кредити на предметите во студиската програма со цел да се утврди коефициентот на оптовареност на студентите при совладување на предвидениот материјал на студиската програма. На овој начин квантитативно се утврдува работата за секој предмет во однос на вкупната оптовареност на студентот за целата студиска програма (предавања, практична работа, вежби, семинари, консултации, самостојно учење, испит или други активности кои се потребни за да се совлада материјалот т.е. да се положи испитот.

ПОИМ ЗА КРЕДИТОТ (БОДОТ) ВО ЕКТС

Член 3

ЕКТС кредитот (бодот) претставува нумеричка вредност утврдена за предметите предвидени со студиските програми кои се реализираат на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Кредитот (бодот) претставува квантитативна мерка за изразување на обемот на учење кој произлегува од обемот на работа што е потребен на студентот заради постигнување на очекуваните резултати од процесот на учење предвидени со студиската програма на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Проценката на вложената работа опфаќа мерење на присуството и активноста во наставата, вежбите, практичната работа, изработката на проектни извештаи, истражување, анализа на студии на случај, работилници, симулации, други облици на наставни и воннаставни активности, индивидуално учење, колоквиуми за проверка на знаењата, редовни и вонредни испитни рокови и други активности.

Вкупниот број на ЕКТС кредити (бодови) за еден наставен предмет зависи од видот и карактерот, сложеноста и специфичноста на предметот, степенот на апстракција на предметот и вкупното работно оптеретување предвидено со студиската програма, а неопходно за да може да се совлада таа студиска програма и проценетата успешност на студентот во совладувањето на конкретниот наставен предмет.

ЕКТС кредитите (бодовите) се искажуваат во вредност од цел број.

ЦЕЛИ НА ЕКТС

Член 4

Со кредит трансфер системот се остваруваат следниве цели:

- зголемена мобилност на студентот на институционално, на национално и на меѓународно ниво;
- прецизен увид во обемот на работата и изразување на оптовареноста на студентот во процесот на студирањето;
- развивање и функционирање на механизми за постојано следење на напредокот на студентот според резултатите од учењето;
- објективност во оценувањето и признавање на резултатите од студирањето;
- остварување компатибилност на студиските програми на институционално, на национално и на меѓународно ниво;
- воспоставување меѓународна мобилност на студентот и остварување компатибилност на студиските програми на интернационално ниво, според принципите на Европскиот систем за пренос на бодови;
- непречено пренесување на постигањата на студентот од една во друга институција;
- зголемена индивидуализација на текот на студирањето и
- создавање основи за остварување на концептот за доживотно учење.

## ПРИМЕНА НА КРЕДИТ ТРАНСФЕР СИСТЕМОТ

Член 5

Кредит трансфер системот во ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ се применува во остварувањето на студиските програми за прв циклус на стручни студии.

## ОБРАЗОВНИ КОМПЕТЕНЦИИ

Член 6

Компетенциите претставуваат збир од знаења, вештини и способности кои се специфични за даден циклус на студии и го подготвуваат студентот за влез во следниот циклус на студии или му нудат можност за вработување на одредени стручни работни места.

Основна цел на студиската и предметната програма е градење и унапредување на компетенциите наведени во став (1) на овој член.

Компетенциите се развиваат преку совладување на предметите во целата студиска програма и се оценуваат континуирано во секоја нејзина фаза.

## ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБЕМ НА СТУДИИ, СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА И ОПТОВАРЕНОСТ НА СТУДЕНТОТ

## ОБЕМ НА СТУДИИ

Член 7

Наставата за редовните студенти на прв циклус на студуии на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ се одвива во 3 (три) студиски години, односно во 6 (шест) семестри.

Студиската година за редовните студенти се дели во два семестри: зимски и летен.

Наставата во текот на студиската година за редовните студенти се реализира во рамките на 24 недели, односно по 12 недели ефективна настава за секој семестар.

Реализацијата на колоквиумите во текот на студиската година е во рамките на 4 недели, односно по 2 недели предвидени за реализација на колоквиумите по семестар.

Редовните испитни рокови се опфатени со обем од 6 недели во текот на една студиска година, односно по 2 недели предвидени за полагање на испити во текот на месеците јануари, јуни и септември.

Дополнителните испитни рокови ги утврдува Наставничкиот совет на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ и се реализираат во рамките на 4 недели во текот на една студиска година.

Студиската година започнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година. Наставата во зимскиот семестар започнува во првата недела од месец октомври, а завршува до крајот на месец јануари следната календарска година.

Наставата во летниот семестар започнува од втората половина на месец февруари и трае до крајот на месец јуни тековната година.

Почетокот на наставата, неделите предвидени за настава, неделите предвидени за колоквиум, редовните испитни рокови, неработните денови и сл. се уредуваат со Студентскиот календар на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ кој го донесува Наставничкиот совет на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ за секој семестар одделно.

Студентскиот календар на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ се објавува на интернет страницата на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, на образовниот портал и на огласните табли на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Составен дел на наставата е практичната настава која се спроведува согласно студиската програма и согласно Правилникот за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

## ВРЕДНУВАЊЕ НА СТУДИСКА ПРОГРАМА НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ

### Член 8

Бројот на кредити (бодови) се утврдува за секоја предметна програма посебно.

Бројот на кредитите (бодовите) што студентот треба да ги оствари за да се здобие со соодветна стручна подготовка (диплома) по завршување на тригодишните стручни студии на првиот циклус на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ изнесува 180 кредити.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршувањето на студиска програма на првиот циклус на стручни студии на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ и стекнување на 180 ЕКТС, соодвествуваат на ниво VI Б од Националната рамка на високообразовни квалификации во Р. Македонија, односно на ниво 6 од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Студентот исто така може да напредува и да ги заврши студиите за пократко време отколку што е предвидено со студиската програма. За овој случај на барање на студентот одлучува Наставничкиот совет на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Во рамките на првиот циклус на студии на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ може да се реализираат и кратки стручни студиски програми од 60 до 120 ЕКТС бодови.

Со завршување на стручните студии од 60 до 120 ЕКТС бодови студентот се стекнува со соодветен стручен назив во согласност со Законот за високо образование.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршувањето на кратките стручни студиски програми од прв циклус на студии на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ и стекнување со од 60 до 120 ЕКТС, соодветствуваат на ниво V од Националната рамка на високообразовни квалификации, односно ниво 5 од Европската рамка на високообразовни квалификации.

## СТРУКТУРА НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА ПРВ ЦИКЛУС СТРУЧНИ СТУДИИ И ЕКТС

### ЧЛЕН 9

Студиските програми на прв циклус на студии содржат задолжителни и изборни наставни предмети, а според потребите на студиската програма можат да се предвидат и други начини за стекнување на знаења од страна на студентите за кои се доделува соодветен број на кредитити, како што се: изработка на самостоен проект, настап на стручен собир, практична работа и др. Овие кредити се внесуваат во Додатокот на диплома.

Задолжителните наставни предмети се носечки предмети за препознатливост на студиската програма, а се избрани врз основа на претходно направено усогласување

со други исти или слични студиски програми на други високообразовни установи во земјата и странство.

Изборните наставни предмети студентите ги избираат од листата на изборни наставни предмети на дадената студиска програма. Изборните наставни предмети сочинуваат најмалку 10%, а најмногу 30% од бројот на ЕКТС кредити во студиската програма.

Збирот на ЕКТС кредитите на предметите кои се застапени на листата на изборни наставни предмети на студиската програма е најмалку двојно поголем од бројот на ЕТКС кредити предвидени во наставната програма за изборните наставни предмети.

Секој од наставните предмети на листата на изборни наставни предмети задолжително носи еднаков број на ЕКТС кредити.

## НАЧИН НА КОДИРАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО ПРЕДМЕТНИТЕ ПРОГРАМИ

### ЧЛЕН 10

Кодирањето на предметите претставува составен дел од предметните програми со цел лесно да се идентификуваат во комуникацијата со другите високообразовни установи.

Кодот за предметот се формира врз основа на следниве елементи:

1. кратенка на студиската програма на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
2. број на предмет во програмата

Пример за предмет од студиската програма Бизнис администрација: банкарство, осигурување и контролинг – BIC101

Пример за предмет од студиската програма Податоци и компјутерски науки – DCS101

## ДОДЕЛУВАЊЕ НА КРЕДИТИ

### Член 11

Кредитите (бодовите) од ЕКТС им се доделуваат само на студенти кои успешно ќе ги положат предметите со задоволителна оценка и ќе ги реализираат сите активности предвидени со предметната програма. Не може да има делумно доделување на кредити.

Бројот на кредитите (бодовите) што студентот треба да го оствари за да се здобие со одредена стручна подготовка (диплома) изнесува 60 ЕКТС бода за една академска година односно 30 ЕКТС бода по семестар.

Еден кредит (бод) одговара на 25 до 30 часа работа на студентите. Работата на студентите вклучува активна настава, испити и сите потребни активности за полагање на испити, а се стекнуваат во рамките на еден семестар. Вкупната годишна оптовареност на студентите треба да изнесува од 1500 до 1800 часа. Вкупното неделно оптоварување на студентот за дадена студиска програма согласно предметните програми е најмалку 20, а најмногу 30 часа предавања, вежби и семинари неделно и 40 недели годишно.

Еден наставен час означува траење од 45 минути.

Студент може да се стекне со ЕКТС бодови за сите предмети кои ги запишува – задолжителни и изборни, за практична настава како и за други активности предвидени со студиската програма.
Коефициентот на оптоварување, изразен во ЕКТС бодови, студентот ги стекнува по успешно положување на испитот, односно по успешно исполнување на сите барања согласно предметната програма.

## ОДРЕДУВАЊЕ НА ЕКТС БОДОВИ ЗА ЕДЕН НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ
### Член 12

Оптовареноста на студентот се мери на основа на ЕКТС бодовите земајќи го предвид времето кое е потребно за завршување на студиската програма. Бодот им овозможува на студентите и наставниците да го утврдат обемот и нивото на учење поаѓајќи од постигнатите резултати од учењето и проценетата оптовареност изразена во работни часови.
Вкупната работна оптовареност на студентот е изразена во број на часови кој студентот ги троши за совладување на тој наставен предмет. Вкупното работно оптоварување за еден студент по еден наставен предмет може да ги опфати следниве видови на оптовареност:

1. Предавања – директна настава
2. Вежби, одвоено или интегрирано со предавањата
3. Групна работа (презентации, дискусии)
4. Самостојно учење на задолжителната литература
5. Консултација на дополнителната литература
6. Изработка на проектен извештај
7. Презентација на проектниот извештај
8. Решавање на студии на случај
9. Подготовка за проверка на знаењата (испит/ колоквиум/ поправен испит)
10. Истражување на извори за учење
11. Практична работа и сл.

## ОПТОВАРЕНОСТ НА СТУДЕНТОТ
### Член 13

Отовареноста на студентот зависи од бројот на кредити кој го носи предметот во студиската програма.
Предметите можат да бидат оптоварени со различен број на кредити во различни студиски програми.
Фондот на часови и оптовареноста на студентите по активности се предвидува во предметните програми во склоп на секоја студиска програма.
Структурата на оптовареност на студентот е распоредена во следниве активности: предавања, вежби, практична работа и други активности.
Студент може да се стекне со ЕКТС бодови и за практична настава како и за други активности, доколку тоа е предвидено со студиската програма.

Член 14

Се смета дека студентот ги исполнил сите обврски од одредена студиска година доколку положи онолку испити, односно доколку ги изврши сите обврски во согласност со предметната програма, и стекнатиот број на кредити му биде 30 ЕКТС бода во семестар, односно 60 ЕКТС бода во година.

На особено надарените студенти може да им се одобри запишување и на повеќе предмети, но максимум до 75 ЕКТС бода во студиска година.

Член 15

Начинот на доделување на кредити соодветно се применува и на Студиските програми кои траат една година, содржат 60 ЕКТС бода и заедно со 180 ЕКТС бода стекнати на прв циклус студии се остваруваат вкупно 240 ЕКТС бода.

ЕКТС СКАЛА НА ОЦЕНУВАЊЕ

Член 16

За исполнување на обврски за полагање на испитот (по делови – колоквиуми или во целина – испит) студентот добива оценка изразена во броеви од 5 до 10, при што оценката 5 означува недоволен успех.

Завршната оценка за предметите се формираат на следниов начин:

- од 0 до 50 поени - оцена 5 (недоволен успех)
- од 51 до 60 поени - оцена 6
- од 61 до 70 поени - оцена 7
- од 71 до 80 поени - оцена 8
- од 81 до 90 поени - оцена 9
- од 91 до 100 поени - оцена 10

ЕКТС системот за оценување ги дели студентите на две групи: студенти кои положиле и студенти кои не положиле.

Студентите кои положиле се делат на:

1. најдобри 10%, кои добиваат оценка 10(A) покажуваат извонредни перформанси со незначителни грешки;
2. следни 25% кои добиваат оценка 9 (B) покажуваат натпросечни резултати, но со мали грешки;
3. следни 30% кои добиваат оценка 8 (C) покажуваат воопштено добра изведба, но со доста грешки;
4. следни 25% кои добиваат оценка 7(D) покажуваат солидна изведба, но со значајни недостатоци;
5. следни 10% кои добиваат оценка 6(E) покажуваат задоволителни минимални критериуми.

Студенти кои не положиле се делат на:

1. Студенти кои не го положиле испитот и добиле оцена 5 (Fx), но имаат минимум поени од останатите две компоненти кои ја формираат оцената: присуство и активност и проектен извештај. Овие студенти се упатуваат на повторно

полагање во нареден испитен рок. Доколку не го положат испитот по трет пат студентот се упатува на повторно слушање на предметот.

2. студенти кои не го положиле испитот и добиле оцена 5 (F), но немаат минимум освоени поени на останатите компоненти кои ја формираат оцената: присуства и активност и проектен извештај. Во овој случај студентот се упатува на повторно слушање на предметот.

ВОСПОСТАВУВАЊЕ ИНСТИТУЦИОНАЛНА И НАЦИОНАЛНА КОМПАТИБИЛНОСТ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

Член 17

При подготвувањето на студиските и предметните програми, се води сметка тие да овозможат нивна институционална, национална и интернационална компатибилност и да создадат услови за премин на студентот од една на друга студиска програма во рамките на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, како и услови за премин од една на друга високообразовна установа во земјата и во странство.

Член 18

Компатибилноста на студиските програми не подразбира идентичност туку нивна усогласеност во однос на образување исти или слични профили.

ТРАНСФЕР НА СТУДЕНТИ

ТРАНСФЕР НА СТУДЕНТИ ВО РАМКИТЕ НА ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Член 19

Студентот може да врши префрлување од една на друга студиска програма на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ со Барање кое го доставува до Наставничкиот совет на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ. Наставничкиот совет го разгледува барањето и истото го одобрува во зависност на компатибилноста на студиските програми.

При преминот студентот се ослободува од полагање, односно следење на наставата за предметите кои претходно ги положил, а за кои е утврден висок степен на компатибилност.

Компатибилноста од претходниот став на овој член не претставува идентичност, туку усогласеност на студиските и предметните програми кои продуцираат исти или слични профили на стручни кадри.

Признавањето на предмети го врши комисија за ЕКТС преку издавање потврда за трансфер на кредити.

Потврдата за трансфер на кредити ја потпишуваат сите членови на комисијата.

## ТРАНСФЕР НА СТУДЕНТИ ПОМЕЃУ ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ И ДРУГИ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО

Член 20

Запишување студенти со трансфер од други високообразовни институции се врши за време на уписниот рок утврден во конкурсот за запишување студенти објавен од страна на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Член 21

Комисијата која е одговорна за трансфер на кредити во процесот на признавање на кредити на студентот му ги доделува кредитите кои припаѓаат на предметните програми кои се дел од студиската програма на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ на која студентот е запишан.

Член 22

Признавањето на кредити е процес во кој една високообразовна установа потврдува дека резултатите кои студентот ги постигнал во процесот на учење во друга високообразовна установа ги задоволуваат барањата на предметната програма на која го врши трансферот.

ЕКТС овозможува флексибилен пристап во процесот на трансферирање на кредити од други високообразовни установи почитувајќи го начелото на "фер пристап во процесот на признавање на кредити од други високообразовни установи", а тоа значи дека врши споредување на излезните резултати и компетенции со кои студентот се стекнал во процесот на учење.

Член 23

Признавање на странски квалификации се врши само доколку има незначителни разлики во квалификациите т.е. излезните резултати и компетенции со кои се стекнал студентот на странската високообразовна установи и квалификациите на високообразовната установа на која се врши трансферот.

Студент кој завршил дел или целосна студиска програма на високообразовна установа во странство, неопходно е да направи нострификација на стекнатата целосна или делумна квалификација. По завршениот процес на нострификација, доколку постои совпаѓање на резултатите добиени во процесот на учење помеѓу странската високообразовна установа и ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, на студентот кој врши трансфер на кредити, комисијата за трансфер на ЕКТС врз основа на барањето поднесено за трансфер од страна на студентот стекнатите кредити целосно ги заменуваат согласно студиската програма на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Член 24

Студенти кои завршиле целосно или делумно прв или втор циклус на студии во Америка каде се применува Американскиот систем на кредити, поднесуваат барање

за нострификација до институцијата која врши признавање на странски квалификации.
По добиената нострификација од страна на институцијата која ги доделува квалификациите, студентот поднесува барање за трансфер на кредити на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.
Комисијата за ЕКТС на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ признавањето на кредити стекнати според Американскиот начин на утврдување на вредноста на кредитот, го врши во сооднос 1:2 односно секој американски кредит стекнат на студиска програма на прв или втор циклус на студии во Америка се заменува со 2 ЕКТС на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.
ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ врши признавање на странски квалификации наведени во став 1 на овој член само доколку има незначителни разлики во квалификациите т.е. излезните резултати и компетенции со кои се стекнал студентот на странската високообразовна установи со квалификациите со кои се стекнува студентот на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Член 25

Студентот со трансфер на кредити од друга високообразовна установа, станува дел од ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ согласно одредбите утврдени во Правилникот за условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, како и другите нормативни акти на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Член 26

При трансфер на кредити од друга високообразовна установа, вредноста на трансферираните кредити се одбива од вкупната школарина за студиската програма.

## ТРАНСФЕР НА КРЕДИТИ КОИ СЕ ДЕЛ ОД СТУДИСКА ПРОГРАМА

Член 27

Лицето кое се стекнало со сертификат или друга потврда од ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ или од друга високообразовна установа, а кои содржат информации за бројот на стекнатите кредити, оценка и назив на предметната програма која е дел од студиска програма, може стекнатото стручно знаење и обука, изразено во кредити, да му се признае како дел од студиска програма на прв циклус на студии на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.
Лицето, од став (1) на овој член, поднесува Барање за трансфер на кредити.
Постапката за трансфер на кредити по барањето од став (2) на овој член ја води Комисијата за трансфер на кредити согласно овој Правилник.

## КОМИСИЈА ЗА ТРАНСФЕР

Член 28

За спроведување на постапката за признавање на положени испити и трансфер на освоени кредити при преминот од една на друга студиска програма, односно преминот од друга високообразовна установа, Наставничкиот совет на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ формира Комисија за ЕКТС составена од три члена. Членови на комисијата се тројца наставници од ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Претседател на комисијата за трансфер е Координаторот за ЕКТС.

Студентите кои по пат на трансфер на кредити преминуваат од една во друга студиска програма односно од друга високообразовна институција студиите ги продолжува на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, Комисијата за ЕКТС врз основа на претходно поднесено барање за трансфер од страна на студентот со посебен документ – потврда за трансфер на кредити ги прикажува предметите, стекнатите кредити и освоените оценки што се трансферираат на студентот.

Комисијата за ЕКТС врз основа на поднесениот документ со положени испити од страна на студентот од друга високообразовна установа подготвува предлог листа на предмети кои студентот треба да ги реализира во рамките на студиските програми на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ од првиот циклус на студии.

Комисијата за ЕКТС може да признае максимум половина од вкупниот број на ЕКТС во зависност од студиската и предметната програма за која се врши трансферот.

Надлежности на Комисијата за трансфер на ЕКТС се:

1. постапување по барањата за трансфер на кредити согласно овој Правилник;
2. евидентирање на академските и административните аспекти на кредит трансфер системот во ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ;
3. остварување на активна соработка со претставници на студентите;
4. обезбедување континуирана ангажираност на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ во спроведувањето на принципите и механизмите на ЕКТС и акумулацијата на кредити;
5. контрола на механизмите за правилна употреба на ЕКТС и трансферот и акумулацијата на кредитите;
6. ги информира органите на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ за активностите поврзани со имплементацијата на ЕКТС;
7. поднесува годишен извештај за реализацијата на ЕКТС до Наставничкиот совет на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ;
8. врши и други работи во согласност со Законот, Статутот на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ и овој Правилник.

Студентот има право да бара мислење и дополнителни информации од комисијата за трансфер на ЕКТС кредити за сите прашања во врска со правилата за студирање според ЕКТС.

Доколку има проблем или дилема во толкувањето или примената на правилата на ЕКТС, комисијата за трансфер на ЕКТС на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ на Наставничкиот совет предлагаат решение за настанатите проблеми.

ЕКТС КООРДИНАТОР

Член 29

Со цел континуирано да се обезбеди стручна, административна и академска поддршка при реализирање на ЕКТС како и поддршка при размена на студенти, ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ именува ЕКТС координатор.

ЕКТС координаторот го избира наставничкиот совет на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Член 30

ЕКТС координаторот ги врши следниве работи:

1. се грижи за имплементацијата на ЕКТС на ниво на институцијата;
2. остварува контакти помеѓу студентите и наставниот кадар;
3. ги информира студентите за ЕКТС;
4. ги снабдува студентите со пакетите на информации;
5. им помага на студентите во пополнувањето на документи потребни за трансфер;
6. изработува предлог трансфер за студентите;
7. изработува целосен трансфер врз основа на претходно поднесено барање на трансфер од страна на студентите;
8. дава информации и совети за постапките поврзани со ЕКТС;
9. помага на студентите при избирање на изборните предмети;
10. помага при преминувањето на студентот од една на друга студиска програма;
11. подготвува уверенија за положени испити во случаите кога студентот преминува на друга установа.

Член 31

ЕКТС координаторот е должен на барање на студентот да даде мислење или дополнителни информации за сите прашања кои се поврзани со правилата на студирање според ЕКТС.

ТРАНСФЕР НА СТУДЕНТИ ПОМЕЃУ ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ И ДРУГИ СТРАНСКИ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИВРЗ ОСНОВА НА ИНТЕРИНСТИТУЦИОНАЛЕН ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

Член 32

ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ реализира соработка со други високообразовни установи врз основа на склучен меморандум за соработка и интеринституционален договор со цел да ја промовира мобилноста на студентите и наставниот кадар по пат на размена.

Воспоставување на соработка и подготовка на договорот врши Еразмус координаторот.

Член 33

Еразус координаторот ги врши следниве работи:

1. дава информации за можностите при мобилност на студентите и наставниот кадар;
2. остварува комуникација и соработка со еразмус координаторите на другите високообразовни установи во земјата и во странство;
3. учествува во подготвувањето на пакетот на информации за институцијата;
4. иницира и учествува во постапката за склучување на договори за соработка со други високообразовни установи во земјата и во странство;
5. пополнува апликации за клучните програми во програмата на Еразмус +;
6. објавува конкурс за размена на студенти и наставен кадар преку програмата Еразмус +;
7. подготвува извештај за студентите и наставниот кадар кои учествуваат во размена;
8. ги извршува сите останати обврски согласно барањата на Еразмус + програмата.

Член 34

Размена на студенти помеѓу други странски вискообразовни установи може да се врши врз претходно потпишан договор за соработка со кој се утврдуваат условите за премин на студентот во друга високообразовна установа.

Студентот кој ќе премине во друга високообразовна установа може да реализира дел од студиската програма во траење од еден семестар или најмногу една студиска година врз база на однапред склучен договор за признавање на предвидените и освоени кредити помеѓу високообразовните установи. Услов за склучување на ваков договор е степенот на компатибилност помеѓу студиските програми помеѓу високообразовните установи кои го потпишуваат договорот.

Член 35

Пријавување на студент за студирање во странска високообразовна установа се врши на стандардизиран формулар кој е составен дел од овој Правилник.

ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ нема обврска да ги признае испитите кои студентот успешно ги положил на друга странска високообразовна установа, а не се наведени во договорот за студирање.

По завршување на делот од студиската програма во друга високообразовна установа, студентот, ги продолжува студиите во својата матична установа и ги пренесува стекнатите ЕКТС кредити кои му се признаваат согласно претходно потпишаниот договор помеѓу установите.

Основен критериум за признавање на ЕКТС кредитите претставува остварениот резултат од процесот на учење дефиниран во студиската програма.

## ПАРАЛЕЛНО СТУДИРАЊЕ

Член 36

(1) Студент на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ може да студира на две или повеќе студиски програми на прв циклус на студии истовремено (паралелно студирање) во рамките на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ или на други високообразовни установи. Во овој случај, на студентот му се признаваат сите соодветни наставни предмети од студиската програма на која е првично запишан.

За остварување на правото за паралелно студирање, студентот поднесува Барање за паралелно студирање до Наставничкиот совет на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ. Со Барањето студентот приложува и уверение за положени испити на првата студиска програма. Наставничкиот совет на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ одлучува по Барањето на студентот во консултација со Комисијата за ЕКТС.

Положените испити на првата студиска програма се признаваат доколку предметите од кои испити се положени, по својата содржина и обем одговараат за наставниот предмет на втората студиска програма. Со признавање на испитот се признава и оценката со која студентот е оценет, како и кредитите во согласност со студиската програма.

Правото за паралелно студирање на една дадена студиска програма на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ студентот може да го искористи само еднаш во текот на првиот, циклус на студии.

За потребите на паралелното студирање, ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ посебно ги прилагодува активностите предвидени со студиската програма.

На дадена студиска програма, најголемиот број на студенти за паралелно студирање на прв циклус на студии може да биде до пет студенти, а на втор циклус на студии до тројца студенти.

Студентот на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ може да студира и на студиски програми на други високообразовни установи согласно правилата на тие установи и законските прописи.

При паралелно студирање може да се признаат максимум 5 предмети на првиот цикус на студии.

## ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ ЗА КОНТИНУИРАНО СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА УСПЕХОТ НА СТУДЕНТИТЕ

Член 37

Студентот, во текот на студирањето, потребниот број кредити за соодветната програма го остварува преку континуирано оценување на сите активности предвидени со студиската програма и Правилникот за условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, Правилникот за начинот на стекнување на право, пријавување, полагање, следење, оценување, евидентирање и чување на испити на студентите ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ и другите нормативни акти на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

За толкување на одредбите од овој Правилник е надлежен Органот на основачи на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ – Одборот на Директори.

Член 39

Овој правилник важи за сите студентите запишани на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Член 40

Овој Правилник влегува во сила од денот на донесувањето.

Скопје, 30.10.2024 година

ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Наставнички совет
Директор
М-р Данила Стефаноска